# ЗА АЕРОДРОМ ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сѐ ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сѐ што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Изразувам неизмерна благодарност за укажаната доверба да бидам кандидат за градоначалник на општина Аеродром, која е токму и една од најубавите во Република Македонија. Во ова време на присутна сериозна здравствена и економска криза преземањето на таквата сериозна улога секако ми претставува голема чест и задоволство, но истовремено е и голема обврска и силен предизвик.

Преку реализација на понудената програма и редица добро осмислени проекти ќе се обидам заедно со вас да ги оствариме посакуваните резултати и да ги реализираме високо поставените цели и задачи.

Верувам дека со заеднички сили ќе успееме да го направиме Аеродром многу почиста, современо организирана и модерна урбана општина, но и хумана животна средина, во која ќе биде возможно сите жители на целосно рамноправна основа да ги остварат своите права и да обезбедат за себе и нивните семејства достоинствен, пристоен и просперитетен живот.

Се обврзувам дека ќе работам на квалитетно инфраструктурно уредување на општината, зголемување на зелените површини, реновирање на постоечките и градење на нови паркови, континуирано и темелно чистење на сите јавни простори, како и посоодветно управување со ѓубрето и отпадот, вклучувајќи го поттикнувањето

за унапредување на процесите на собирање, сортирање и отстранување на неговите остатоци.

Ветувам дека ќе создадеме адекватни услови за отворање на поголем број на работни места, како и развивање и спроведување на редица економски трансформативни иницијативи и активности, кои ќе значат дополнително привлекување на странски инвеститори и унапредување на квалитетот на нашиот економски стандард и живот.

Подготвен сум да го промовирам владеењето на правото и да се залагам за искоренување на корупцијата, да вложам максимални напори на планот на зголемување на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот, да ја поттикнам заедничката и координирана соработка и ангажман на граѓаните и полицијата, да предложам активности и мерки во насока на намалување на криминалот и насилството.

Истовремено силно ќе го промовирам дијалогот, разбирањето и заемната поддршка меѓу граѓаните без оглед на нивната национална, етничка, религиозна, политичка и родова припадност, што ќе придонесе за зголемување на заемната почит и општото ниво на сигурност, како и ентузијазам и отворени можности за сестран и перспективен развој.

Ќе дадам силна поддршка на проектите кои се насочени кон дополнителни вложувања во јавното образование, подобрувањето на образовната инфраструктура, унапредување на образовниот процес, што истовремено ќе значат унапредување на севкупните услови, знаења и вештини на учениците, а кои непосредно ќе влијаат и кон зголемување на нивниот просечен успех.

Сакам да ја вратам душата на маалскиот живот, преку збогатување на непосредната комуникација, заеднички дружења, почитување на обичајните вредности и организирање на традиционални и современи културни настани.

Ќе се залагам за унапредување на социјалните услуги за семејствата и посебно поддршката на самохраните родители, жените и децата.

Посебно сум горд на фактот дека општина Аеродром е дом на трофејниот кошаркарски клуб МЗТ Аеродром и двократниот европски ракометен шампион Вардар, чии успеси се и доказ за силната посветеност на граѓаните од нашата општина кон спортот. Таквите успеси истовремено се и голема обврска во насока на давање активна поддршка за натамошни достигнувања на сите професионални и аматерски спортски клубови, кои ни носат слава и радости и силно ја промовираат општината и нашата држава на

домашен и меѓународен план.

Ќе ги поттикнувам сите млади и посебно спортските таленти организирано да ги користат спортските терени и заедно со образовните институции, спортските клубови и родителите да се вклучат во разни видови на спортски активности, со што ќе го унапредат здравјето, ќе го разведрат својот дух, ќе ја поттикнат здравата конкуренција и секако ќе помогнат во постигнувањето на врвни спортски резултати на кои верувам дека сите заеднички ќе се радуваме.

Заеднички посакуваме Аеродром да биде модерно, зелено, забавно, мирно, безбедно, економски просперитетно и атрактивно катче за живеење и стопанисување.

Искрено верувам дека вашата доверба проткаена со моето знаење, искуство и ентузијазам ќе биде вистинскиот иницијален механизам за остварување на голема победа и постигнување на заеднички успех на оваа генерација која е решена да создаде една нова, поуспешна и просперитетна слика за општина Аеродром, со која ќе се гордееме ние и идните генерации.

Почитувани сограѓани,

Доколку сакаме да успееме во заедничката цел и да создадеме соодветни услови за ефикасно, рационално, одговорно и квалитетно раководење и управување со нашата општина од драгоцено значење ќе ми биде вашата несебична поддршка.

Со почит,

Доц. д-р Тимчо Муцунски

# ТОП 7 ПРИОРИТЕТИ ЗА НАШИОТ АЕРОДРОМ

## НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Аеродром е најголема општина во град Скопје според бројот на жители. Потребата од нови капацитети за згрижување на децата од предучилишна возраст е огромна. Токму затоа ветуваме изградба на четири нови детски градинки со капацитет за 800 дечиња во следниве населени места: Острово, Лисиче, Мичурин и Долно Лисиче. Нашата визија е листата за чекање за влез во градинка да биде минато.

Дополнително, родителите треба да бидат сигурни дека веќе нема да плаќаат ниту еден денар дополнителни давачки за градинка освен партиципацијата. Нема да дозволиме овие „скриени“ давачки да бидат на товар на родителите. Контролата на работењето на градинките ќе биде системска, со активно вклучување на родителите.

**Ние се обврзуваме:** До крајот на 2022 година најмалку една градинка ќе биде пуштена во употреба.

## АЕРОДРОМ БЕЗ СООБРАЌАЕН ХАОС

Секое работно утро и секое попладне, Аеродром е во сообраќаен хаос. Затоа, ќе понудиме бројни решенија за намалување на сообраќајниот метеж којшто се случува во Аеродром. Во текот на мандатот во соработка со градските власти ќе направиме два кружни текови. Едниот ќе биде во Острово, во близина на ООУ „Блаже Конески“, а другиот на булевар Србија. Покрај овие два капитални проекти, планираме и други проширувања и пробивања на улици. Паркирањето во Аеродром е секојдневен проблем, без разлика дали тоа се однесува на жителите или посетителите од другите општини. За надминување на овој проблем, се обврзуваме до крајот на мандатот да обезбедиме 3.000 нови паркинг места на територија на општината.

**Ние се обврзуваме:** Во првата половина од мандатот ќе го завршиме кружниот тек во Острово.

# НОВ МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР

Со стотина илјади жители, недозволиво е општина Аеродром да нема свој простор за културни збиднувања, фестивали, хепенинзи на отворено и други настани. Во рамки на новата отворена мултифункционална општинска зграда, планираме изведување на мултимедијален центар, а планираме и сцени на повеќе различни локации во општината. Овие простори ќе бидат наменети за одржување на разни манифестации од културно-уметнички карактер. Отворен за сите професионални и аматерски групи, мултимедијалниот центар ќе има целогодишна програма на театарски, филмски, мултимедијални, ликовни, танцови и секакви други изведби. Општина Аеродром ќе продолжи да ги финансира и постојните традиционални манифестации, но ќе одвои и значителни средства за постојано унапредување на културно забавниот живот. Во рамки на новата мултифункционална општинска зграда, покрај просторот за администрацијата, ќе предвидиме и coworking простор, првата библиотека и читалница во Аеродром, зелен покрив кој ќе служи како тераса, галерија и други наменски простории. Новата мултифункционална општинска зграда ќе биде пример за тоа како треба да изгледа отворена локална самоуправа која ќе одговори на разни потреби на граѓаните.

**Ние се обврзуваме:** Нов мултифункционален општински центар до 2023 година.

# ВЕЛО-ДРОМ

Трендот на користење на велосипеди, електрични тротинети, мопеди и велосипеди зазема сѐ поголем замав - и тоа е одлично. Проблемите со паркирањето на автомобилот, сообраќајниот метеж, но и физичката активност додека возите велосипед се дел од причините што се поголем број на луѓе се одлучуваат за овој алтернативен превоз. Нашата визија е да нема улица без велосипедска патека. Велосипедистите ќе бидат безбедни, нема повеќе да возат по коловозот и да стравуваат дека некое возило ќе ги удри или пак да удрат во некој пешак.  Во насока на што помасовно користење на велосипедот како превозно средства ветуваме финансиска поддршка за нивно купување, паркинзи кои ќе бидат под видеонадзор со оглед на големиот број на кражби, но и низа други мерки за стимулирање на овој вид превоз.

**Ние се обврзуваме:** Вело патеки на секоја улица до крајот на мандатот.

# РЕНОВИРАЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШТАТА

Прокиснувањето на крововите, прозорци кои не се затвораат, супстандардни тоалети, искршен училишен инвентар и други непријатни слики нема да бидат повеќе реалност за нашите најмили - децата. Ја преземаме обврската сите основни училишта да подлежат на енергетско ефикасна реконструкција и да добијат паметни училници со мултимедијални смарт табли и останата современа ИТ опрема согласно со светските трендови. Вложувањето во образованието е најисплатливата инвестиција за една држава - тоа е нашето мото. Дополнително, Аеродром ќе инсистира и ќе ги искористи во целост своите ингеренции за Скопје да добие нова гимназија со седиште во нашата општина. Во склоп на оваа гимназија ќе побараме да биде и математичката (и информатичка) гимназија за талентирани ученици. Правото на образование е загарантирано со Уставот, а наша обврска е родителите да имаат 0 денари дополнителни давачки кон училиштето.

**Ние се обврзуваме:** во 2022 го отвораме првото зелено училиште во општина Аеродром.

# ЕКО – ДРОМ

Аеродром ќе стане вистински зелена општина. Ќе направиме паркови од 100 илјади метри квадрати. Тоа е еднакво на 20 фудбалски игралишта. Во парковите, но и насекаде низ општината ќе насадиме 15 илјади дрва во текот на мандатот. Секој од учениците во нашата општина ќе има можност да си посади свое дрво. Грижата за животната средина се создава уште од најрана возраст.

Сликите на пожолтена трева мора да станат лоша епизода од минатото. Одржувањето на парковите претставува нашиот императив, затоа што таму го поминуваме нашето слободно време, таму другаруваме, таму се забавуваме. Ќе ја реорганизираме службата за одржување на јавна чистота на највисоко ниво и заеднички ќе ја направиме Аеродром најчистата општина. Во сите паркови ќе ја замениме застарената урбана опрема и ќе биде додадена нова.

# ОПШТИНА СО 0 КОРУПЦИЈА

Аеродром ќе имплементира систем на работење кој ќе биде пример за сите во државата. Ќе биде општина која ќе гарантира 0 корупција. Секој од вас ќе може да спие мирно и да знае дека општината е за сите нас, за сите вас, дом на кој можете да се потпрете.



# 1. УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ

Урбанизмот и просторното планирање се сржта на доброто управување со општина како што е Аеродром, општина која доживува своја експанзија и треба да биде пример за добро урбанистичко планирање. Проблемите со кои се соочуваат граѓаните од сите делови на Аеродром ни се добро познати, но потребни се решенија за надминување на истите. Во таа насока, во следните четири години ќе работиме на реализација на бројни проекти, но и решавање на сите Ваши тековни потреби.

## 1.1. 3.000 НОВИ ПАРКИНГ МЕСТА

Предвидуваме реализација на монтажни паркинзи кај зградите 43 и 41 на бул. АСНОМ, монтажен паркинг на потегот од зграда бр. 60 до зграда бр. 104, покрај бул. АСНОМ, монтажен паркинг кај зграда бр. 82 и зграда бр. 84 во Вардар, позади зграда 15.17 и 19, бул. Јане Сандански, монтажен паркинг на потег од зграда бр. 116 до зграда бр. 124, монтажна гаража и нови паркинг места за 300 возила на територијата на Мичурин, како и комплетно уредување на паркингот кај ООУ „Љубен Лапе“.

## 1.2. СООБРАЌАЈНИЦИ ЗА НАМАЛЕНИ ГУЖВИ

Предвидуваме нови и реконструирани сообраќајни решенија:

- Кружен тек на булевар Србија изработен во соработка со град Скопје на раскрсницата помеѓу бул. Србија и бул. Трета Македонска Бригада. За намалување на застојот, но и зголемување на безбедноста во сообраќајот.

**Рок:** Во втората половина од мандатот;

- Изградба на нов кружен тек  помеѓу Мичурин и Стар Аеродром. Чекањето на семафори во овој дел од Аеродром мора да стане минато. Во соработка со град Скопје ќе го направиме првиот кружен тек во овој дел на општината. Со новиот кружен тек ќе се надмине сообраќајниот хаос кој се создава на раскрсницата кај улиците Симеон Кавракиров, Фрањо Клуз, Методија Шаторов Шарло и булеварот Кузман Јосифовски-Питу.

  **Рок:** Во првата половина од мандатот;

- Кружен тек кај ЈУДГ Буба Мара во Ново Лисиче за безбеден и лесен пристап;
- Сообраќајно поврзување на Реонски центар со Бул. Србија;
- Пробивање на ул. Васко Карангелески кон бул. 3-та македонска бригада и поставување на кружен тек пред ООУ „Љубен Лапе“, без притоа да биде уништено постоечкото зеленило;
- Целосна реконструкција на двата крака на улицата Фрањо Клуз низ цела должина во должина од 600 метри;
- Сообраќајно поврзување на бул. Трета македонска бригада со улиците Анастас Митрев, Венјамин Мачуковски и Петар Ацев;
- Кружен тек на раскрсница кај улиците Симеон Кавракинов, Фрањо Клуз, Методија Шаторов Шарло и бул. Кузман Јосифовски-Питу;
- Кружен тек на бул. 12 Македонска бригада кај Т.Ц Населба Лисиче;
- Кружен тек на бул. Февруарски поход со ул. Тодор Чангов (влез во Лисиче);
- Сервисна улица на крак од ул. Анастас Митрев (пред зграда бр. 20);
- реконструкција и обнова на улиците во населба Лисиче и решение за паркирањето.

## 1.3. СИГУРЕН И БЕЗБЕДЕН АЕРОДРОМ

Безбедноста во сообраќајот во близина на училиштата, детските градинки и здравствените установи е наш приоритет. Ќе поставиме паметни лежечки полицајци кои ќе се подигнуваат и спуштаат во зависност од брзината со која се движи возилото, периодот од денот и други критериуми. Секоја улица под ингеренции на општина Аеродром, ќе ја ограничиме на максимална брзина до 30 километри на час. Во рамките на нашата визија за сигурен и безбеден Аеродром е и големиот број на кампањи кои ќе ги водиме за совесно управување со моторните возила. Мораме да ја подигнеме свеста дека Аеродром не е тркачка патека. Се обврзуваме и

за стратегија и програма на заштита на аеродромци од кражби, нарушувања на јавниот ред и мир и нереди.

**Рок:** Мирен и безбеден Аеродром уште во првите 100 дена.

## 1.4. НОВИ ВЕЛОСИПЕДСКИ И ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

За да го направиме Аеродром лесно достапен со велосипед, електричен тротинет, детска количка или пеш, предвидуваме неколку клучни проекти:

- Урбанизација на Усјанскиот канал. Со овој проект предвидуваме покривање на каналот кој се протега од населеното место Усје во соседната општина Кисела Вода, па преку населба Лисиче, се до Лисиче по што се влева во реката Вардар. По затворањето на каналот на негово место ќе изградиме велосипедска, пешачка и тартан патека во должина од 3,5 километри.

  **Рок:** Во првата половина од мандатот.

- Велосипедска патека по должината на улицата „23-ти Октомври" започнувајќи од семафорите под железничката станица во правец кон раскрсницата со „бул. Јане Сандански" и реконструкција на тротоарите на улица „23-ти Октомври" од Основното училиште „Браќа Миладиновци" до раскрсницата со „бул. Јане Сандански" во двете насоки.
- Велосипедска патека од мост кај Маркова река до Долно Лисиче. Во соработка со соседната општина Кисела Вода ќе работиме на изградба на велосипедска патека од неколку километри во овој дел од нашите општини. Драчево и Долно Лисиче имаат право и на безбеден велосипедски превоз, но и патека по која ќе се рекреираат.
- уредување на пешачката зона на ул. Васко Карангелески од потегот пред паркот на Светлината, преку Воен базен до булеварот 3-та македонска бригада.
- Велосипедска патека на бул. 12-та Македонска бригада.
- Rent-a-bike – општината самостојно или во соработка со градот Скопје ќе започне системски проект за изнајмување велосипеди, со паметен систем на изнајмување и враќање на велосипедите. На тој начин ќе поттикнеме зголемена употреба на велосипедите во општината.

- Паркинг за велосипеди пред сите градинки, училишта, спортски центри и сите други објекти под надлежност на општина Аеродром.
- Зголемување на субвенции за велосипеди затоа што секој заслужува да може да биде мобилен. Го прошируваме опфатот и сумата на доделени средства на секој оној кој сака да купи нов велосипед за секојдневна употреба.
- Субвенционирање за електрични велосипеди и тротинети за секојдневна употреба и намалување на загадувањето.

## 1.5. ПЛАНИРАЊЕ, ОРГАНИЗИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Наша обврска е да го завршиме процесот на легализација на бесправно изградени објекти. Пред повеќе од 10 години почна постапката за легализација на бесправно изградените објекти. Ви ветувам дека лошото менаџирање на општинската администрација во овој сегмент ќе биде минато, а со тоа ќе се надмине и процесот на легализација. Освен завршување на преостанатите постапки за легализација, ветуваме дека нема да дозволиме да се изгради ниту една нова дивоградба, а за секој обид ќе има соодветни санкции.

**Рок:** До крајот на 2022 ќе бидат завршени сите постапки за легализација.

Останати приоритетни области во делот на урбанизацијата, на новата општинска администрација ќе и биде:

- Изработка на Детален урбанистички план за Горно Лисиче;
- Изработка на Детален урбанистички план за Долно Лисиче;
- Изработка на Детален урбанистички план за улиците Тодор Чангов и Богомилски поход;
- Изработка на нов детален урбанистички план за улица Ѓорѓи Капчев;
- Комплетна реконструкција (нови плочници и хортикултурно уредување) на трговскиот центар во Населба Лисиче;
- Осветлување на патот помеѓу Горно и Долно лисиче;
- Проект Маркова река со кеј на Вардар;
- Проширување на мост на Маркова река на потег Горно – Долно Лисиче;

- Енергетско ефикасни сијалици за подолг работен век и помали месечни трошоци за струја на општината;
- Смарт паркови со модерни клупи на соларна енергија и зони со бесплатен интернет кои ќе бидат на потегот долж булеварот Јане Сандански на две локации, со цел стимулирање на младите;
- Зелени тезги во Аеродром: Согласно со потребите и барањата на жителите на повеќе локации ќе поставиме по неколку тезги за продажба на свежо овошје и зеленчук.



# 2. ЕКО-ДРОМ: ЗЕЛЕНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Аеродром ќе биде општина која ќе поставува стандарди за заштита на животната средина и зелена општина. Свеста на граѓаните за подобрувањето на состојбите во околината во која живеат е на високо ниво, но за жал нашите институции заостануваат и не одговараат на потребите и барањата на граѓаните. Како идна локална самоуправа ветуваме реализација на бројни проекти за зголемување на зеленилото, почист воздух, јавни површини без ѓубре, но и управување со отпадните води и канализација. Жалосно е на неколку километри од центарот на главниот град сè уште да има делови каде се актуелни прашањата за водоводна мрежа и канализација, но тоа е реалноста која ќе се обидеме да ја промениме. Во насока на погоре кажаното ќе ги спроведеме следниве мерки и проекти:

## 2.1. 100 ИЛЈАДИ МЕТРИ КВАДРАТНИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО:

### ПАРК НА ДРВЈАТА ВО ПРВ РЕОНСКИ ЦЕНТАР

На местото на проектираната општинска зграда ќе направиме нов парк кој ќе се простира на површина од 5.000 м2. Паркот ќе се наоѓа во делот позади трговскиот центар Лиса и станицата за технички преглед. Во консултација со стручни лица, во овој парк ќе бидат засадени најразлични видови на дрвја согласно со спецификите на подрачјето.

**Рок:** Во првата година од мандатот.

### ПАРК „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“.

Граѓаните во околината на касарната „Гоце Делчев“ треба да бидат спокојни. На овој дел од општина Аеродром ќе пораснат разни видови растенија, а не единствено згради. Парк ќе се простира на површина од над 5.000 м2 и ќе добие соодветна урбана опрема.

**Рок:** Втора половина од мандатот.

### НОВ СОДРЖИНСКИ ПАРК:

Реонскиот центар во Ново Лисиче прераснува во голема и урбана населба со млади семејства и мали деца. Затоа е потребно да се предвиди нов содржински парк за најмладите во рамки на Парк Аеродром. На 5.000 м2, паркот ќе содржи бројни детски реквизити, урбана опрема и интересни содржини за сите возрасти на деца. Општината на тој начин ќе создаде уште едно катче за рекреација, дружење и спорт во срцето на Ново Лисиче. Во паркот предвидуваме и содржини за дечиња со посебни потреби и нивна инклузија во спортските настани.

**Рок:** 2023 година,

- Засадување **нови 15.000 дрвја** на територија на општина Аеродром. Во рамките на овој проект предвидуваме секој ученик да има можност да си засади свое дрво. Грижата за животната средина се создава уште од најрана возраст. Воедно ќе усвоиме и програма за кофинансирање за посадување на дрво во дворовите на домаќинствата.
- **Паметен систем за наводнување тревници** – трагикомичните слики прскалките да работат кога врне, а во летно време кога температурата надминуваат 40 степени, тревата е пожолтена поради неодржување и тоа мора да биде минато. Водата мора да ја користиме одговорно, а одржувањето на тревниците да е одлика на добро управувана општина.
- **Забавен парк Авионче.** Како општина со најголем број млади луѓе, Аеродром има огромна побарувачка за различни видови забава. Паркот „Авионче“ ќе прерасне во мал луна парк со зголемен број на содржини за забава. Паркот Авионче го правиме најголемата игротека на отворено во Скопје. Тоа ќе биде местото каде нашите дечиња, но и повозрасните, ќе можат да го поминат своето попладне во некој од ресторанite. Целиот парк ќе биде соодветно ограден, а сегашното паркирање возила на патеките и тревниците ќе стане минато.
- **Паркови за домашни миленици.** Предвидуваме во сите нови и во повеќето постоечки паркови да обезбедиме затворен дел со содржини за домашните миленици.

## 2.2. ЧИСТ ВОЗДУХ ВО АЕРОДРОМ

Покрај драстичното зголемување на зелените површини и дрвјата се обврзуваме да спроведеме и дополнителни проекти и мерки со цел во зима да не дешиме алармантни количини на ПМ честич-

ки. Во насока на намалувањето на загадениот воздух се и новите сообраќајни решенија, но и мерките за зголемено користење на велосипедите како превозно средства кои се составен дел на оваа програма. Борбата со загадувањето ја предвидуваме преку следниве мерки и проекти:

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНИ МЕРНИ СТАНИЦИ.

Најважната работа за согледување на состојбите и подобрување на истите се квалитетните и навремени податоци. Без податоци не можеме да очекуваме квалитетни планови, од кои ќе произлезат активности за постигнување на целите.

**Рок:** Најмалку една мерна станица до крајот на 2022 година.

## СО ГАСИФИКАЦИЈА ДО ПОЧИСТ ВОЗДУХ

Општина Аеродром мора да направи се што е во нејзина можност за што побрзо да се спроведе долгоочекуваната гасификација. Домаќинствата мора да имаат приклучок на гас. Греењето со загадувачки материјали ќе биде минато, а секој што ќе го загадува воздухот ќе биде санкциониран. За домаќинствата што се во социјален ризик ќе најдеме решенија да добијат соодветна финансиска поддршка. Индивидуалното здравје е резултат на здрава животна средина за која сме одговорни сите.

**Рок:** Втора половина на мандатот.

## ДИСЛОКАЦИЈА НА ПРЕТОВАРНАТА ДЕПОНИЈА ВАРДАРИШТЕ

Во соработка со Гази Баба ќе бараме од град Скопје, ЈП „Комунална Хигиена“, да ја тргне депонијата од тој дел на градот. Жителите од тој дел на општина Аеродром нема веќе да ја чувствуваат лошата миризба.

**Рок:** Во текот на мандатот.

## СЕЛЕКТИРАЈ ПАМЕТНО И ЗАРАБОТИ

Преку овој проект секое домаќинство ќе добие канта за отпадоци за паметно селектирање (хартија, пластика и стакло). Собраниот селектиран отпад домаќинствата ќе може да го фрлаат на определени места, а за тоа да добијат финансиски надоместок.

## НУЛА ДИВИ ДЕПОНИИ

на територија на Аеродром има неколку диви депонии како таа во Долни Лисиче во делот кај реката Вардар. Се обврзуваме дека постојните ќе ги исчистиме и урбанизираме, а секој иден обид за создавање на дива депонија ќе биде најстрого санкциониран.

### ВЕРТИКАЛНО ЗЕЛЕНИЛО И ЗЕЛЕНИ СТОЛБОВИ.

Во соработка со граѓаните на Аеродром, при реконструкциите на фасадите предвидуваме нови простори за вертикално зеленило кое ќе гарантира помалку ПМ честички. Предвидуваме и зелени кули за 0 смог кои се вертикални структури - комбинација од специфични култури на мовови со васкуларни растенија кои „јадат“ ситна прашина (ПМ), азотни оксиди и озон, а имаат способност да неутрализираат стотици тони јаглерод диоксид годишно.

### ЕКО ПОЛИЦИЈА

Аеродром ќе биде прва општина која ќе воведе ЕКО полиција која ќе има за цел да води грижа за зеленилото, квалитетот на воздухот и користењето на урбаната опрема низ општината.

## 2.3. ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА 21 ВИ ВЕК

Општина Аеродром мора рамномерно да се развива. Не постои рамномерен развој ако во еден дел до општината сè уште актуелно прашање е водоснабдувањето и канализацијата. Токму затоа во текот на мандатот ќе ги реализираме следниве, но и многу други проекти за подобрување на овој аспект од урбаното живеење:

- Водоводна мрежа во индустриска зона Горно Лисиче;
- Замена на водоводна мрежа на улица 1 и 2 со краци во Долно Лисиче;
- Изградба на фекална канализација во индустриска зона Горно Лисиче;
- Доизградба на атмосферска канализација на улица Тодор Чангов;
- Поставување на атмосферска канализација на улица Ѓорѓи Капчев.

## 2.4. ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗГРАДИТЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Општина Аеродром ќе формира Енергетски фонд преку кој ќе даде финансиска поддршка за реконструкција на зградите во општина Аеродром. Покрај новата фасада, со овој проект се предвидува зградите да добијат и ЛЕД светилки во ходниците, замена на прозорците, поставување на фотоволтаични панели на кровот и други инвестиции во енергетска ефикасност.

**Рок:** До крајот на 2022 година.



# 3. СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

Аеродром важи за млада општина, која допрва треба да го постигне својот најголем напредок и развој. Затоа мора да се посветиме на создавање одлични услови за образование и воспитување на нејзините најмлади жители. Само образовани млади, кои учат во одлични услови, можат да ја градат иднината на нашата општина. Во таа смисла, не смееме да ги заборавиме и дечињата со посебни потреби, кои добиваат приоритетен фокус во нашите активности. Наша цел е да креираме инфраструктура од која полза ќе имаат и учениците и образовниот персонал, но и сите граѓани. Затоа, предвидуваме проекти со кои ќе се гарантираат одлични инфраструктурни услови, ИТ можности и современа литература за иднината на општина Аеродром – учениците.

## ➤ НАДГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Се обврзуваме на зголемување на капацитетите и подобрување на условите во сите основни училишта во општина Аеродром. Сите реконструкции ќе бидат во правец на создавање енергетски ефикасни објекти со обновливи извори на енергија, заради заштеда на енергија и подобри услови за работа на учениците, личната хигиена преку реконструкција на тоалетите и училишните кујни. Наш приоритет се доградба и надградба на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, како и надградба на ООУ „Блаже Конески“ со нови 8 училници. На овој начин, ќе го зголемиме капацитетот на овие училишта за повеќе од 500 деца. Во рамките на овој проект приоритет е и целосното завршување на ООУ „Димитар Македонски“ во населба Лисиче.

**Рок:** започнува во 2022 година.

## ➤ ЕРАЗМУС ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Преку зајакнување на капацитетите на наставниците и раководниот персонал ќе постигнеме основните училишта од општина Аеродром да се најактивни во аплицирањето и реализирањето проекти од програмата на ЕУ – Еразмус +. Средствата кои ќе ги добиваат училиштата ќе се наменат за зајакнување на квалитетот на наставниот процес, споделување меѓународни искуства, обезбедување нови ресурси за учениците и севкупна европеизација на образовниот процес.

## НОВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Во соработка со град Скопје заради овозможување на просторни и други услови, предвидуваме изградба на ново средно училиште (гимназија) на територијата на општина Аеродром. Нашата цел е да ја подобриме достапноста на учениците од општина Аеродром до квалитетни училишта и да ги унапредиме условите во кои учат учениците, а со тоа и квалитетот на воспитно-образовниот процес. Во соработка со Министерството за образование и наука ќе побараме во рамки на новата гимназија да биде вклучена и Математичката (и информатичка) гимназија која е започната уште од периодот на претходната Влада.

**Рок:** започнува во 2022 година.

## СМАРТ ТАБЛИ ВО СИТЕ УЧИЛИШТА

Со одвојување 2 милиони денари во текот на мандатот, општина Аеродром ќе обезбеди сите училници во основните училишта да добијат паметни табли, за да им овозможиме на децата да следат комбинирана настава и да бидат целосно вклучени во дигиталното учење. На овој начин ќе овозможиме новите генерации да имаат пристап до современ начин на водење на настава, применувајќи комбинирани техники кои ќе им донесат најдобри резултати.

**Рок:** започнува во 2022 година.

## ПРИСТАПНИ ЛИФТОВИ ВО СЕКОЕ УЧИЛИШТЕ

Лицата со посебни потреби имаат право на лесен пристап до своето училиште, како и социјализација со своите пријатели исто како и сите останати ученици. Затоа, ќе ја гарантираме пристапноста на сите училишта во општината за секаков вид посебна потреба, преку поставување лифт во секое училиште за децињата да можат лесно да стасаат до својата училница. Училиштата стануваат пријателско место за сите деца на општина Аеродром, независно од специфичноста на нивните образовни потреби. Дополнително, предвидуваме и набавка на две возила за лица со посебни потреби кои ќе бидат на располагања на градинките, училиштата и граѓаните на општината.

**Рок:** започнува во 2022 година

## ОПШТИНА НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ

Со цел стимулација на учениците да бидат дел од натпреварувањата во знаење и спорт, но и да ја наградиме нивната исклучителност, предвидуваме стипендии во износ до 30.000 денари

за академската година, кога учениците од општина Аеродром ќе постигнат резултати на светска олимпијада, меѓународен или државен натпревар во знаење. Дополнително, предвидуваме и годишни стипендии за првенците на генерација во училиштата, како и еднократна награда за првенците на клас.

**Рок:** учебна 2022-2023 година.

### ЧАСОВИ ПО ПЛИВАЊЕ ЗА НАЈМЛАДИТЕ

Со цел стекнување на навика за рекреативно пливање, како и овозможување на сите дечиња пристап до овој спорт кој се смета за еден од најдобрите за правилен развој на детското тело, општината ќе финансира часови по пливање за првоодделенците. Во соработка со постоечките затворени базени во општината, во текот на учебната година ќе се организираат часови по пливање за заинтересираните првоодделенци.

**Рок:** учебна 2022-2023 година.

### ЛЕТЕН УЧИЛИШЕН КАМП

Голем број родители се соочуваат со огромен проблем во текот на летниот распуст на своите деца. Имено, додека родителите се на работа нивните дечиња нема кој да им ги чува. Токму затоа ние ветуваме дека ќе биде организиран летен училишен камп, токму за овие деца. Со ова ќе може дечињата да другаруваат и учат со своите врсници, а родителите да се спокојни, бидејќи нивните деца се во сигурни раце.

**Рок:** 2023 година.

### ГОДИШНА ОЦЕНКА ЗА РАБОТЕЊЕТО

Родителите имаат право да бараат поголем квалитет за условите за учење во основните училишта. За да овозможиме системски и темелен пристап, предвидуваме годишна евалуација за работењето на директорите на основните училишта, која ќе го покаже степенот на задоволство на родителите, просторот за подобрување, предизвиците и можностите за напредок. Оваа системска евалуација ќе служи и за креирање подобри услови за сите ученици. Во рамки на овој проект е предвидено и наградување на најдобрите наставници според повеќе критериуми: резултатите на учениците на натпреварувања и оценувања, оценка од учениците, родителите и други критериуми кои ќе бидат земени предвид.

**Рок:** 2022 година.

## НУЛА ДОПОЛНИТЕЛНИ ТРОШОЦИ

Основното образование е бесплатно за сите ученици. Сепак, долго време родителите се изложени на бројни дополнителни трошоци за образование на нивните деца. Оваа пракса мора да престане. Затоа се обврзуваме општината да ги покрива сите дополнителни трошоци кои се јавуваат во текот на работењето на училиштата, за учениците да учат во одлични услови, а родителите да не оптоваруваат со непотребни трошоци.

**Рок:** учебна 2022-2023 година.

## ТАБЛЕТ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

Општината ќе обезбеди таблети за секое дете од 1 до 9 одделение и со тоа ќе ја подигне свеста за дигитализацијата и модерното време, со што ќе го олесниме товарот на буџетот на секое семејство.

**Рок:** Веднаш по стапување на функција.



# 4. АЕРОДРОМ СПОРТУВА

Спортот не е само за професионалците и млади, сите ќе се обидеме да ги вклучиме во спортски активности. Наша водилка е мотото „редовна физичка активност е половина здравје“. Намалување на ризикот за заболување од кардиоваскуларни болести, дијабетис, малигни заболувања, но и доброто расположение се дел од позитивните страни на нашата спортска агенда.

Аеродром е центарот на Македонија во спорт. Успесите на кошаркарскиот клуб МЗТ, ракометните клубови, фудбалските клубови, но и сите други екипни и индивидуални спортови и спортисти ја прават општината главен извор на најголемиот број спортски успеси во поновата историја на државата. Оттука, општината мора дополнително да вложува во спортот, спортските клубови и спортската инфраструктура. Само на тој начин можеме да гарантираме дека наредните спортски херои ќе дојдат токму од општина Аеродром. Физичката активност со учество во рекреативниот спорт е право на секој човек. Во таа смисла, една урбана и спортска општина може да ги оправда тие епитети само ако вложува и во секојдневната рекреација на сите нејзини жители. Затоа, се обврзуваме на амбициозна програма за инвестиции во спортот која ќе гарантира спортски успеси!

## СПОРТСКИ САЛИ ВО УЧИЛИШТАТА

Спортот и здравите навики кај децата започнуваат уште од најмала возраст – од основното образование. Затоа, се обврзуваме на изградба на спортска сала во ООУ „Гоце Делчев“ во Долно Лисиче со сите потребни спортски содржини кои му требаат на воспитно-образовниот процес.

**Рок:** 2022 година.

## СПОРТСКИ ЦЕНТАР „ПИРИН“

Населбата Лисиче беше нашироко препознатлива по спортските успеси на клубовите кои се натпреваруваа на терените на „Пирин“. Во последните години овој центар остана запуштен и на забот на времето. Се обврзуваме на изградба на комплетно нов и модерен спортски центар „Пирин“ со игралиште за фудбал, кошарка, ракомет и други придружни содржини.

**Рок:** 2023 година.

## МЗТ – АЕРОДРОМСКИ БРЕНД

Кошаркарскиот клуб МЗТ е симболот на општина Аеродром. Поддршката за клубот мора да биде зголемена, но и правилно насочена кон подобрување на условите за натпревар и тренинг, нови регионални успеси, подобрување на младинската школа и нови пехари на сите нивоа. Покрај машкиот клуб, општината ќе овозможи и зголемена поддршка за женскиот кошаркарски клуб, со цел негова подобра организираност и натпревари во најдобрите регионални лиги. Предвидуваме и изградба на Музеј на МЗТ во кој ќе бидат изложени најголемите признанија, пехари, фотографии, реквизити и други предмети од богатата клубска историја.

Визија за КК МЗТ- Скопје, како перспективен и квалитетен колектив, кој ќе се етаблира на регионално ниво – АБА-1 и субрегионално ниво, одржувајќи го истовремено водечкото влијание на локално ниво во рамките на Република Македонија.

МЗТ е клуб со богата историја и веќе изградено реноме, кое бара многу повеќе и многу подобро, особено за своите најверни навивачи „Фемили", како и за сите симпатизери и поддржувачи на клубот.

Предизвикот за изработка на рационален акционен концепт, кој во себе ќе ги содржи главните цели за напредок и развој, е голем, но остварлив доколку и очекуван особено кога зад себе се има богато реноме.

Концептот е детерминиран од досегашните дострели, економските можности и процентот на застапеност и има за цел да го зголеми интересот кај најмладите за кошарката преку масовно учество во школите, од кои ќе се селектираат понатаму за младинскиот погон, додека останатите преку спортот ќе развиваат здрави навики, тимски вештини и дисциплина.

Оттука, се наметнуваат следниве цели:

- **Воспоставување на унифициран систем на работа во младинската школа**

Тоа подразбира користење на сите инфраструктурни капацитети кои се на располагање на територијата на општина Аеродром, како основен извор за селекција на потенцијални таленти, на кои ќе биде направена комплетна дијагностика на антрополошките димензии со помош на стандардизирана батерија на тестови, соработка со училиштата во општината и преземање на иницијативи за популаризација на кошарката, како и соработка со професорите по физичка култура во спроведувањето на унифицирана програма за работа со најмладите.

- **Излез на меѓународна сцена во младинските категории како дел од јуниорската Евролига**

  Младинскиот погон претставува основна клетка на секој клуб. Квалитетен младински погон во современата кошарка е речиси невозможно да се воспостави без излез на меѓународна сцена, затоа една од целите за во иднина ќе биде вклучување на МЗТ – Скопје во Јуниорската Евролига ,како место каде се натпреваруваат најдобрите таленти од Европа.

- **Враќањето во првата АБА – лига**

  Во натпреварувачката 2017/2018 година, МЗТ Скопје испадна од најквалитетната регионална кошаркарска лига во која со успех и во континуитет се натпреваруваше 6 години. Враќање на клубот во првата лига е од суштествено значење за сите чинители на овој клуб, бидејќи реномето, историјата, инфраструктурата и вложувањата тоа го наложуваат.

- **Излез на меѓународната сцена во сениорска конкуренција**

  МЗТ - Скопје како бренд на македонската кошарка мора да се врати во претстојниот период на меѓународната сцена и во континуитет да биде на европската клубска кошаркарска мапа.

  **Рок:** 2022 година.

## НОВИ КОШАРКАРСКИ ИГРАЛИШТА

МЗТ е срцето на Аеродром, но на Аеродром му се потребни и нови кошаркарски терени за да создадеме нови врвни кошаркари! Затоа предвидуваме изградба на кошаркарско игралиште во близина на постоечкото фудбалско игралиште (стадион) во Горно Лисиче, како и реконструкција на кошаркарските игралишта во населба Лисиче, во паркот „кај Авионот“, како и во населбата Аеродром и многу други.

**Рок:** континуирано.

## НОВИ ФУДБАЛСКИ ИГРАЛИШТА

Со пласманот на македонската репрезентација на Европското првенство, спортот број еден во светот привлекува сè поголем интерес и во општина Аеродром. Како општина која е дом и на Фудбалската федерација на Македонија, од исклучителна важност е зголемување на инфраструктурната понуда за практикување на овој најпопуларен спорт. Затоа осигуруваме изградба на фудбалски терен со вештачка трева во рамки на ООУ „Ѓорѓија

Пулевски“, но и ставање во функција и редовно одржување на фудбалскиот терен кај Паркот на езерата.

**Рок:** 2023 година.

### СПОРТ ЗА НАЈМЛАДИТЕ

Слободното време поминато во спорт и рекреација, создава нови генерации кои ќе го засакаат спортот и здравиот живот. Во програмата предвидуваме изградба на нови и модерни детски игралишта во близина на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, на бул. АСНОМ кај зградите број 9, како и 61 и 63, зградата број 100, на бул. Јане Сандански кај зграда 41 и 43, како и на бул. Февруарски поход зграда бр. 6. Предвидуваме и нови детски игралишта во близина на постоечкото фудбалско игралиште (стадион) во Горно Лисиче, како и детско игралиште на ул. 1 во близина на Дим маркет во Долно Лисиче.

**Рок:** 2022 година.

### ФИТНЕС НА ОТВОРЕНО – НОВИ СПРАВИ ЗА ВЕЖБАЊЕ

Фитнесот води кон заштита и подобрување на општото здравје на граѓаните од сите возрасни категории, превенција од мноштво здравствени заболувања, унапредување на социјализацијата во развојот на личноста, развој на физичките способности, одржување и зголемување на работоспособноста, притоа подигајќи ја свеста за позитивното влијание кон секоја индивидуа. Фитнесот е директно поврзан со здравиот начин на живот. Затоа обезбедуваме простор за поставување на фитнес справи во големиот парк во Реонски Центар, како и во паркот зад зградите со бр. 94, 98 и 100 во населба Јане Сандански.

**Рок:** 2022 година.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ ТЕРЕН „АЛЕКСАНДАР СТОЈЧЕВ“

Игралиштето именувано во чест на загинатиот бранител Александар Стојчев, во близина на Мајчин дом заслужува нов и модерен лик. Во текот на нашиот мандат се обврзуваме да направиме целосна реконструкција на игралиштето, која ќе понуди и нови спортски содржини, партнерно зеленило, осветлување и придружни содржини.

**Рок:** 2022 година.

## СПОРТСКИ ЦЕНТАР „НОВО ЛИСИЧЕ“

Спортскиот центар „Ново Лисиче“ е свртувалиште на сите спортисти од овој дел на општината. За да обезбедиме негово непречено користење и во зимските месеци, предвидуваме проект за покривање на спортскиот центар. Воедно покрај покривањето на објектот се обврзуваме да направиме и нова поголема фитнес сала, како и купување на нови спортски реквизити.

**Рок:** 2022 година.

## УЧИЛИШНА СПОРТСКА ЛИГА

Во текот на учебната година предвидуваме организација на општинска спортска лига во соработка со спортските федерации и основните училишта. Тимови на сите училишта во општината ќе се натпреваруваат во фудбал, кошарка и ракомет, а општината ќе обезбеди пригодни награди за најдобрите. Но и летните месеци треба да бидат време на спортски игри. Затоа за учениците од 4 одделение до 9 одделение во основните училишта предвидуваме „Летни детски игри на Кејот“ кои ќе се одржуваат од 11 до 20 јуни секоја година.

**Рок:** 2022 година.

## ПОДДРШКА НА РАКОМЕТНИОТ КЛУБ „АЕРОДРОМ“

На ракометниот клуб „Аеродром“ му е потребно зголемено внимание, за негов вистински развој кој ќе значи напредок на младите категории и креирање нови репрезентативци. Освен зголемените финансии и контрола на трошењето на средствата во рамки на клубот, предвидуваме и зголемена поддршка за женскиот ракометен состав во рамки на клубот.

**Рок:** 2022 година.

## ПОДДРШКА ЗА СПОРТСКИ НАСТАНИ

Како општина која му се радува на спортот и се гордее со спортските успеси, предвидуваме поддршка на постоечки спортски настани, но и планираме организирање нови спектакуларни спортски моменти за паметење. Во соработка со спортските настани, планираме поддршка на турнир во одбојка на плажа ,,Аеродром Опен”, кошаркарски и турнир во мал фудбал, како и атлетски маратон ,,Aerodrom Runs”.

**Рок:** 2022 година.

## БЕСПЛАТЕН СПОРТ ЗА ДЕЦА

За децата кои доаѓаат од семејства во социјален ризик ќе овозможиме да тренираат заедно со своите врсници без да плаќаат партиципација. Спортот е значаен дел од психофизичкиот развој на секој.

## СПОРТСКИ СУБВЕНЦИИ ЗА ДЕЦАТА

За секое дете ќе обезбедиме спортска субвенција во висина од 600 денари со што ќе овозможиме да се развива духот на младите и здравата навика кај сите.



# 5. ГРИЖА ЗА СИТЕ, ОД 1 ДО 101

Во Аеродром мора да покажеме дека се грижиме за најмладите. Како општина со илјадници семејства со мали дечиња, наша обврска е да овозможиме одлични услови во градинките и претшколското згрижување на децата. Сите деца заслужуваат грижа – без „фаќање врски", без поделби и без листи на чекање. Нашиот пристап е едноставен – со многу работа и визија ќе изградиме нови, ќе ги зголемиме капацитетите на постоечките и ќе ги реконструираме застарените градинки во општина Аеродром. На тој начин, ќе пристапиме кон континуирано решавање на проблемот со децениската запуштеност во сферата на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст.

## 5.1. ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

### 4 НОВИ ГРАДИНКИ ВО АЕРОДРОМ

Грижата за децата, но и за младите семејства, се покажува со вистински дела. Затоа предвидуваме изградба на градинка, во близина на ООУ „Браќа Миладиновци" за во населбата Острово да нема незгрижено дете. Исто така планираме изградба на детска градинка во дворот на ООУ „Блаже Конески", детска градинка со капацитет до 100 дечиња во Долно Лисиче, како и на просторот на поранешна последна автобуска станица бр. 17 на ул. Тодор Чангов.

**Рок:** 2023 година.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДИНКИ

Постоечките градинки мора да бидат во одлична состојба. Затоа потребно е целосно да се посветиме на нивна реконструкција и ревитализација. Се обврзуваме на завршување на изградбата на градинка „Црвенкапа", проширување на капацитетот на градинката „Сонце", како и проширување на капацитетот на градинка „Лале".  Дополнително, предвидуваме реконструкција на постоечкиот објект на градинката во населба Лисиче, за овозможување одлични услови за грижа на децата и во овој дел на општината. Предвидуваме и подобрување на климатизацијата, енергетската ефикасност, загревањето на градинките, но и хортикултурно

уредување на дворовите во сите градинки и поставување погодни реквизити за ран детски развој.

**Рок:** 2023 година.

## НОВИ СОДРЖИНИ ВО СИТЕ ГРАДИНКИ

Детските градинки не се само катче за воспитување на дечињата, тие се нивниот втор дом. Затоа, потребно е подобрување на содржините кои им се достапни на децата и нивните воспитувачи. Општината ќе се погрижи да ги обнови постоечките содржини, но и да постави нови, како што се терени за забавни друштвени игри, макети за мини градови, мини бина за сценски настани на најмладите и многу други ресурси.

**Рок:** 2022 година.

## НУЛА ДОПОЛНИТЕЛНИ ДАВАЧКИ

Како и во основното образование, така и родителите на дечињата во претшколска возраст се изложени на дополнителни давачки освен партиципацијата. Тоа ќе биде променето. Градинките мора да обезбедат средства за тековните трошоци, а родителите треба да знаат дека грижата и воспитувањето е во сигурни раце.

## ЗДРАВИ ДЕЦА – ЗДРАВА ОПШТИНА

Во соработка со стручни нутриционисти, општината ќе започне повеќемесечен план за подобрување на храната која се служи во сите детски градинки. По изработувањето на планот, ќе бидат одржани работилници со вработените во кујните во детските градинки, средби со родители и едукативни работилници со децата, на кои ќе се истакне и објасни значењето на здравата храна при правилниот раст и развој на децата, начинот на нејзино подготвување во градинките, но и можноста за промена на исхраната во семејствата.

**Рок:** 2022 година.

## ЕДНА НЕДЕЛА ВО УЧИЛИШТЕ

За да се олесни „транзицијата“ на дечињата при преминот од градинка во училиште, општината ќе изработи план во кој дечињата од најгорните групи во градинките ќе поминат една комбинирана седмица во училиштето во кое ќе бидат запишани. Овој процес би можел да се изведе во периодот јуни-август, кога училиштата имаат намален обем на работа. Целта на оваа програма е да се намали стресот кај семејствата и децата при започнувањето на

образовниот процес.

**Рок:** 2022 година.

### ГОДИШНА ОЦЕНКА ЗА РАБОТЕЊЕТО

Родителите имаат право да бараат поголем квалитет и посветеност во работата со нивните деца. За да се овозможи системски и темелен пристап, предвидуваме годишна евалуација за работењето на воспитувачите и директорите на детските градинки, која ќе го покаже степенот на задоволство на родителите, просторот за подобрување, предизвиците и можностите за напредок. Оваа системска евалуација ќе служи и за креирање подобри содржини и програми за децата.

**Рок:** 2022 година.

## 5.2. МЛАДИТЕ СЕ ИДНИНАТА НА АЕРОДРОМ

Младите не смеат да останат на маргините на локалниот развиток. Фокусот на политиките за млади во рамки на општината, според сите постоечки анализи, е на ниво кое не ги задоволува ветувањата на ниту една општинска администрација до сега. Општината мора истовремено да се отвора кон идеите и потребите на младите, но и да одговори на нивните барања со вистински решенија. Постоењето на квалитетна младинска политика на локално ниво може да донесе вистински придобивки и промени.

### СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

Уште со започнувањето на мандатот, ќе се започнеме широк процес на консултации за донесување на петгодишна Стратегија за млади на општина Аеродром. Со вклучување на сите засегнати страни (млади, младински организации, организации на млади, чадор организации, политички подмладоци, студенти, средношколци) ќе се донесе стратегија која ќе ги предвиди среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и ќе ги утврди сите организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

**Рок:** 2022 година.

### СЛУЖБЕНИК И КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

Во првите 100 дена, а во согласност со Законот за младинско учество и младински политики, општината ќе ја отвори долгоочекуваната Канцеларија за млади со вработено лице – службеник за млади. Ова ќе претставува контакт-точка за сите млади лица од општината кои ќе можат да се информираат за сите аспекти на живеењето во градот, како и можностите кои ги даваме на младите луѓе.

**Рок:** 100 дена.

### СОБРАНИЕ И СОВЕТ НА МЛАДИ

За да ја осигура комуникацијата и учеството на младите во носењето на одлуките во општината започнуваме транспарентна, инклузивна и широка постапка на формирање на Собрание на млади, од кое ќе произлезе и формирање на Совет на млади на општина Аеродром. Истото ќе се предвиди со дополнувања на постоечките одредби од Статутот на општината кои го предвидуваат формирањето на вакво партиципативно тело на младите.

**Рок:** 100 дена.

### МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР

Во рамки на предвидениот мултифункционален центар во општина Аеродром се предвидуваат и простории за првиот Младински центар во општина Аеродром. Преку соработка со домашни и меѓународни партнери и организации, младите ќе добијат простор за развој на нивниот личен, социјален и професионален живот на младите, но и катче за споделување информации од интерес за младите.

**Рок:** 2023 година.

## 5.3. ПЕНЗИОНЕРИ

- **МААЛСКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ КЛУБ** – во секое населено место во Аеродром ќе поддржиме отворање на пензионерски клуб во кој повозрасните лица ќе можат да се дружат во текот на денот. Во рамките на маалските клубови ќе бидат обезбедени разни друштвени игри за социјализација.

- **ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА** – новата општинска власт ќе работи на привлекување на инвестиции за изградба на домови за стари лица. Ние ветуваме дека ќе предвидиме измени во деталните урбанистички планови за изградба на ваков тип на објекти во согласност со потребите.
- **ПОДАЈ РАКА** – преку овој проект предвидуваме да се формира јавен сервис што ќе организира превоз на старите и немоќни лица, како и снабдување со производи и лекарства, плаќање на режиски трошоци и други активности со кои ќе им се излезе во пресрет на највозрасните.
- **УРБАНО ОПРЕМУВАЊЕ** – Во рамките на парковите во Аеродром ќе бидат поставени нови интерактивни содржини за социјализација. Во секој од парковите ќе бидат поставени маси на кои ќе може да се игра шах, табла и други друштвени игри.
- **ПЕНЗИОНЕРСКИ ДРУЖБИ** - Како одговорна локална самоуправа ќе се грижиме за сите. За нашите највозрасни аеродромци, а во соработка со клубовите за пензионери ќе организираме месечни дружби, прослави, игри и други активности.
- **ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ** - во соработка со здравствените институции и граѓанските организации од таа област ќе организираме редовни прегледи на повозрасните лица како и советувања во насока на подобрување на нивното здравје.

## 5.4. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ГРИЖА ЗА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ

Пандемијата со Ковид-19 ја покажа важноста на здравјето, но и квалитетниот здравствен систем. Без здрави луѓе, ништо друго не е важно. Од исклучителна важност е да креираме локален систем на социјална и здравствена заштита што ќе биде проактивен кон превентивно пресретнување на социјалните и здравствени ризици.

Здравствената дејност започнува уште од локалните средини, особено во делот на превентивната и на примарната здравствена заштита. Согласно со надлежностите на општините, планираме **изградба на вистинска амбуланта во населба Лисиче**, наспроти ветувања за модуларни контејнери.

Постои исклучителна важност за грижата за социјална заштита на лицата на кои таа им е потребна. Освен предвидените градби на градинки и помошта при креирање нови содржини за пензионерите, сетот мерки што ги нудиме во нашата програма се во насока

на системско, систематско и целосно решавање на тековните проблеми на овие наши сограѓани.

### ТОПОЛ ДНЕВЕН ОБРОК

Ќе ги искористиме капацитетите за училишните кујни и оние на детските градинки за подготовка стотина дневни оброци за бездомниците и оние кои не можат да си дозволат дневен оброк. Има многу начини како да се помогне на оваа категорија на граѓани, а топлиот оброк е само мал дел за подобрување на нивното секојдневие.

### ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА

Еднократната парична помош на секое новороденче во општина Аеродром ја зголемуваме на 20.000 денари. Ова претставува симболична поддршка од страна на општината во моментите на најголема среќа за секое семејство.

**Рок:** 2022 година.

## 5.5. ПОЖАРНИКАРСКА СЛУЖБА

Аеродром со стотици илјади жители и неколку трговски центри нема пожарникарска служба. Токму затоа во соработка со град Скопје ќе инсистираме да се изгради противпожарна станица во овој дел на градот со цел брза интервенција во случај на пожар.



# 6. КУЛТУРА 365

Со стотина илјади жители, недозволиво е општина Аеродром да нема свој простор за културни збиднувања, фестивали, хепенинзи на отворено и други настани. Тоа мора да се промени. Излегуваме во пресрет на долгогодишните барања на аеродромци за подигнување на културно забавниот живот во Аеродром. Во текот на целата година ќе гостуваат театарски екипи од сите театри во Македонија, но и ќе организираме и проекции на филмови. Општина Аеродром ќе продолжи да ги финансира постојните традиционални манифестации, но ќе одвои и значителни средства за постојано унапредување на културно забавниот живот. Ние имаме обврска за создавање поширока атмосфера која ќе биде одговор на културните потреби на младите и повозрасните, но и да креираме програми за поттикнување на креативноста на граѓаните.

## МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР

Во рамки на новата отворена општинска зграда, планираме изведување на мултимедијална сала со капацитет од 100 места. Оваа сала ќе биде наменета за одржување на разни манифестации од културно-уметнички карактер. Отворена за сите професионални и аматерски групи, мултимедијалниот центар ќе има целогодишна програма на театарски, филмски, мултимедијални, ликовни, танцови и секакви други изведби.

**Рок:** 2023 година.

## КИНОСАЛА И ТЕАТАРСКА СЦЕНА – РИСТО ШИШКОВ

Во склоп на спортскиот центар Ново Лисиче предвидуваме изградба на сала која ќе се користи за кино-проекции, како и театарска сцена која ќе служи за изведба на претстави на професионални и аматерски групи од градот и државата. Ова ново културно катче ќе биде центар на културните збиднувања во општината, но и место за млади и аматерски театарски клубови.

**Рок:** 2023 година.

## АЕРО-КУЛФЕСТ

Општината ќе биде предводник на организирањето на Фестивал на културата „Кулфест“ во текот на летните месеци. На овој голем фестивал свое учество ќе земат домашни и странски артисти и уметници од сите области – филм, театар, ликовна уметност, му-

зичка уметност, современи уметности и танци. Освен за збогатување на културната понуда на општината, фестивалот ќе служи и за промоција на млади уметници од сите области кои живеат и творат во општина Аеродром. Во текот на фестивалските месеци, нема да бидат заборавени српската и другите помали заедници кои живеат во општината.

**Рок:** 2022 година.

### ПОДДРШКА НА ТРАДИЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

Во општина Аеродром има долга историја на настани кои значат гордост, чест, задоволство и радост за сите нејзини жители. Традицијата треба да се негува, а овие настани да добиваат на масовност, програма и забележливост од сите жители. Затоа, ќе ја засилиме поддршката и покровителство за организација на Мичурински средби, деценискиот Илинденски марш, како и фестивалот „св. Троица“.

**Рок:** континуирано.

### ЛЕТЕН КИНО-ДРОМ

По примерот на бројни светски фестивали на филмот, општина Аеродром ќе организира кино на отворено со комбиниран пристап – авто кино и можност за седење. На паркингот во близина на салата Јане Сандански ќе се организираат проекции на светски и македонски блокбастери за уживање, дружење и релаксација на сите жители на општината.

**Рок:** 2022 година.

### АЕРОДОРОМСКО ТАЛЕНТ ШОУ

Во текот на летните месеци ќе организираме голем хепенинг на отворено на кој секој жител на Аеродром ќе може да ја презентира својата работа и талент. Талент шоуто ќе биде во повеќе области од уметноста, пеење, свирење, танци, глума, сликање, рачна изработка и многу други категории. Воедно од финансискиот фонд поддржан од општина Аеродром дел од средствата ќе се наменат за уметниците, а дел ќе одат во хуманитарни цели.



# 7. ПАМЕТНА ОПШТИНА ПРЕДУСЛОВ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## COWORKING SPACE

Со развојот на ИКТ технологијата се повеќе лица работат од Македонија на проекти низ целиот свет. Но, многумина фриленсери ќе ви кажат дека еден од проблемите со кои се соочуваат е недостатокот на соодветен простор од каде би работеле. Не е иста работната атмосфера од дома и во канцеларија, токму затоа имаме предлог решение. Новата мултимедијална општинска зграда им прапаѓа на сите и ќе биде отворена постојано. Затоа во еден дел ќе понудиме coworking простор кој покрај работни простории, ќе нуди и простории за забава. Во рамки на мултимедијалната општинска зграда ќе има пинг-понг маси, фудбалче, мини кујна и друга опрема, односно сѐ што им е потребно на корисниците.

## ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

Нема економски развој во 21 век без дигитализација. Токму затоа сите општински услуги на администрацијата ќе бидат дигитализирани. Посетата на општинската зграда за доставување на барање и информирање во врска со некој работен налог ќе биде минато. Секој од својот паметен уред ќе може да пристапи на општинската платформа која ќе е достапна за сите граѓани, но и компании. На едно место ќе обезбедиме интеракција меѓу институциите во надлежност на општината и корисниците на нивните услуги. Преку имплементација на системот Document management system ќе се овозможи следењето и чувањето на документите во електронска форма, прецизното одобрување и нивно архивирање. Транспарентноста е клучна за доверба во институциите.

## „МОЈ АЕРОДРОМ/ И ЈАС СУМ ГРАДОНАЧАЛНИК“

Преку интерактивната апликација „Мој Аеродром“ секој ќе може да пријави одреден проблем, но и да добива информации за работењето на општината. Да ги користиме поволностите на технологијата за да бидеме во тек со случувањата во нашата општина. Само информирани граѓани и општинска власт можат да работат на подобрување на состојбите. За секое упатено прашање до

општината, мора да добиете одговор. Функционални институции се предуслов за добра соработка со граѓаните.

## СТАРТ АП ЗОНА

Општина Аеродром ќе даде финансиска и институционална поддршка за основање на ИКТ старт ап компании. Покрај ова ќе организираме и бројни хакатони на различни теми со што би се понудиле повеќе паметни решенија на зададен проблем. Дополнително, ќе соработуваме со високообразовни институции, консултантски куќи, граѓански организации и други стеикхолдери за Аеродром да биде најдобрата опција за раст и развој на што повеќе технолошки старт апи.

## БИЗНИС ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ“

Со измени во ДУП ќе предвидиме изградба на модерна зграда на повеќе катови која ќе биде најмодерен бизнис центар во Скопје. Локалната самоуправа уште од првиот ден ќе бара инвеститори за реализација на ваков деловен објект во кој ќе бараме дел од зградата да биде отстапен за проектот старт – ап зона.

## ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНО ПАМЕТНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Општина Аеродром ќе испланира системски проект за енергетско ефикасно паметно осветлување кое ќе гарантира подолг работен век и помали месечни трошоци за струја на општината, а со тоа одговорно работење и грижа за граѓаните.

**Рок:** 2023 година.



1. Дејан Митески
2. Милка Тримчевска
3. Стефан Синадиновски
4. Љупчо Ацковски
5. Сузана Павловска
6. Оливер Миланов
7. Антонио Петковски
8. Маријана Столевска
9. Станислав Николовски
10. Лидија Стаменкова
11. Бошко Петковски
12. Валерија Анастасова
13. Васе Канзуров
14. Елена Мургоска

15. Филип Василески
16. Зоран Јорданов
17. Мими Трајковска
18. Мартин Малиновски
19. Зорица Поповска
20. Билјана Индова
21. Бојан Ангеловски
22. Сашко Митковски
23. Лили Лазаров
24. Мартин Цветковски
25. Љупчо Ристески
26. Зоран Илиевски
27. Марина Спасовска



vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk